М-р Златко Јаковлев

# Анимацијата на туристите за време на туристичкиот престој

Севкупниот живот на туристите во текот на нивниот престој треба да го зафати туристичката анимација која е важен сегмент од туристичката понуда. Одредена група на туристички работници искажуваат дека туристичката анимација се однесува само на културно – забавниот живот, што е погрешно.

Постојат одделни автори кои поблиску се занимаваат со оваа проблематика и наведуваат различен број на области како содржини на туристичката анимација.

Јост Крипендорф зборува за постоење на шест подрачја и тоа:

- Движење (спорт, пливање, телесни вежби, планирање, одење, разновидни спортски игри и друго);
- Дружење (одење на пикник, излети во групата, посета на разни приредби и прослави, забави за деца, прослави на родендени и друго);
- Творечки дејности (цртање, фотографирање, раскажување на приказни, концерти по желбата и др.);
- Образование, одкривање и доживување (поетски вечери, разни квизови, предавања за историјата на земјата, гасторномски курсеви, разговори, курсеви за изучување на јазикот на домаќинот и така натаму);
- Авантури (логорски огнови, логоровање под ведро небо, ноќни прошетки, нуркање под вода, возење на сплавови и гумени кајчиња и слично);
- Мирување, средби со самиот себе (јога, слушање сериозна музика, вечерни разговори и друго).[1]

Според Миро Миховиловиќ постојат десет подрачја:

- Општествени контакти;
- Игри;
- Спортски активности;

[1] Jost Kripendorf: “Putujuce covecanstvo”, Zavod za istrazivanje turizma, Zagreb, 1986, str. 133.

- Општествено – забавни активности;
- Културни и уметнички активности;
- Технички активности;
- Активности во природа;
- Здравствено – рехабилитациски активности;
- Атракции; и
- Излети.

Ние ги предлагаме следниве подрачја како содржина на туристичката анимација:

- Спортско – рекреативни анимациски активности на вода и копно;
- Културно – забавни анимациски активности; и
- Излети и прошетки како анимациски активности.

### 1. Спортско – рекреативни анимациски активности за време на туристичкиот престој

Иако туризмот не е спортска гранка, истиот опфаќа многу спортски активности (спортска рекреација, спортски манифестации и слично). Во тој контекст може да се заклучи дека туризмот и спортот имаат многу допирни точки. Првата допирна точка е тоа што и туризмот и спортот се одвиваат во слободно време. Тоа поконкретно значи дека доколку едната личност се бави со спортско – рекреативна активност во местото на постојано живеење, е вон рамките на туризмот. А, истите активности вон местото на постојано живеење, се сметаат за туристички. При тоа може да се констатира дека спортско – рекреативните активности влегуваат во туристичките текови, дури тогаш кога резидентите на одредено место ќе станат туристи.

Втората допирна точка се факторите кои влијаат врз развојот на спортот и туризмот. Станува збор за фактори од областа на економскиот и општествениот живот, кои од една страна делуваат на потребата (работна и животна средина, урбанизација, индустријализација и слично), а од друга страна не можноста за

бавење (слободно време и средства, сообраќајни можности и друго). Заедништвото исто така се огледува во мотивите и функцијата на двете појави. И кај спортот и туризмот важни моменти се рекреацијата, опуштеноста, промената на секојдневието и така натаму.[2] Играта и комуникативноста се основни елементи на спортските активности на годишниот одмор, па на тоа треба да биде ставен и акцентот на туристичката анимација. Се разбира дека не би требало да се запостават ни рекреативно здравствените аспекти кои се јавуваат како пропратни елементи.

Спортско – рекреативните активности можат да се одвиваат на копно и вода, во затворен или на отворен простор.

Спортско – рекреативните активности на копно во затворената просторија имаат свои предности но и недостатоци. Основна предност е што не се зависни од атмосферските прилики (клима, годишно време и слично). Основен недостаток им е ограниченоста на просторот. Во оваа група на активности спаѓаат:

- активности за кои не се потребни посебни инсталации или опрема, како на пр. гимнастика, аеробик, јога и слично;
- активности за кои е потребно малку опрема како на пример пинг – понг, билјард, пикадо и слично;
- активности за кои се потребни посебни инсталации или опрема, како на пример куглана, спортска сала и така натаму.

Спортско – рекреативните активности на копно во отворен простор се зависни од атмосферските услови.

Во оваа група спаѓаат следниве активности:

- активности кои не бараат посебни инсталации и опрема, како на пр. качување на планина (рид) и слично.

[2] Д-р Александар Цицковски: „Промотивни активности во хотелиерството, угостителството и туризмот“, Универзитет во Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Битола, 1987, стр. 182.

- активности кои бараат малку опрема и инсталации, како на пр. бадмингтон, разни игри со топка и друго;
- активности кои бараат посебни инсталации и опрема, како на пример мини голф, спортски игралишта и така натаму;
- активности кои можат да се одвиваат на снег, како на пр. санкање, скијање, играње со снежни топки и др.

Овде спаѓаат и сите други активности кои се претходно споменати дека можат да се одвиваат во затворени простории.

Во спортско – рекреативните активности на вода во затворен простор (базен) спаѓаат:

- организирани активности како на пример пливање, ватерполо, разни такмичења, како и разни игри на вода.

Во спортско – рекреативните активности на вода во отворен простор (езеро, море, река и сл.), спаѓаат:

- активности за кои не е потребна опрема, како на пример ватерполо, пливање, разни такмичења и така натаму;
- активности за кои е потребно опрема, како на пример скијање на вода, подводен риболов, далдисување и сл.

**2. Културно – забавни анимациски активности за време на туристичкиот престој**

Културата во целина, а посебно културно забавните манифестации, галериите и музеите, културно – историските споменици и другите форми на културно – забавниот живот повеќе се поврзани и испреплетени со туризмот. Од една страна културата влијае врз развојот на целокупното туристичко стопанство, а од друга страна, туризмот преку својата културно – образовна функција, се повеќе станува масовно средство за ширење на културата. Туризмот со оваа своја функција, која не е единствена туку се испреплетува со други функции на

туризмот, се наметнува како потреба и форма за масовно ширење на културата и просветување на населението.[3]

Во современиот туризам културно – забавните активности се на исто ниво со исхраната и сместувањето. Овие активности придонесуваат да се избегне монотонијата и здодевноста кај посетителите. Посетителите имаат потреба од разонода и динамика во активностите. За нив не е ништо поубиствено од самото чуство на здодевност. Сиот феномен на разонодата, толку битен и карактеристичен за човекот, има свои корени токму во потребата за промена, бидејќи разонодата не е ништо друго освен своевидна промена на активностите.[4] Многу содржини за културно – забавни активности спаѓаат во така наречената област на дружевност. Дружевноста е активност во рамките на една ограничена јавност со неформална интеракција на разонода.[5]

Освен хотелските претпријатија за културно – забавни активности за гостите се грижат и самите тур – оператори, преку своите претставници (водичи) во самите рецептивни места, преку програмите на туристичката анимација. Самата основна функција на туристичката анимација тука би била да се воспостави сакан контакт со акцент на културно – забавната содржина, но истовремено и потикнување на одредена потрошувачка која со туристичката анимација може да се насочува.

Покрај збогатувањето на содржината на туристичкиот престој и директна потрошувачка, туристичката анимација на ова поле има и понагласено промотивно значење, бидејќи задоволниот гостин е и пропагатор на туристичката понуда. Остварените контакти не траат само за време на културно – забавните активности, туку повеќето од нив продолжуваат и по завршувањето на туристичкиот престој.

[3] Mr. S. Nikolic, J – Sekulic, M. Petrovic: “Rekreativna I kulturna turistika”, Beograd, 1974 god, str. 31.

[4] D-r Mladen Zvonarevic: “Socijalna psihologija”, Skolska knjiga, Zagreb, 1978, str. 234.

[5] H. Ludtke: “Freizeit in der Industriegesellschaft”, Opladen, 1972. str. 36.

## 3. Излети и прошетки како анимациски активности за време на туристичкиот престој

Важна улога во слободното време на туристите како активности за време на годишниот одмор имаат излетите и прошетките. Познато е дека излетите можат да бидат полудневни, дневни и дводневни. Полудневните и дневните излети се организираат во блиските излетнички места. Во денешни услови се смета дека за дневни излети се користат излетнички места кои се оддалечени до 100 км. Оддалечените излетнички места се користат за дводневни излети на туристите.

Самото значање на овој вид понуда е во збогатување на туристичките доживувања на туристите со рецептивното население, запознавање со флората и фауната, контакти со природата и другите карактеристики на местото, регионото и слично. Можат да се издеференцираат одредени вредности преку другите два видови на туристичка анимација и тоа:

- може да земе активно учество секој заинтересиран (секоја старосна група и во секое годишно време);
- посебни вложувања во поглед на реквизити и опрема не се неопходни;
- не постојат комплицирани барања во поглед на облеката и обувки на туристот;
- туристот се движи низ природата;
- ваквата туристичка анимација може да нуди по нешто за секој вкус и слично.

Како што споменавме претходно излетите и прошетките се ориентирани кон природата, природните реткости и убавини. Познато е дека туристите не посетуваат одредени региони, место или објект заради исхрана, спиење и сончање, туку и да се запознаат со природните и антропогените атрактивности (културата на населението, обичаите, навиките, општественото уредување и друго.).

Со се поголемиот техничко – технолошки развој, индустријализацијата и урбанизацијата кај работниот човек денес е се поприсутна потреба за промена на

местото на постојано живеење во простори кои се сеуште чисти и незагадени, со цел да ја обнови својата психофизичка кондиција. Како против тежа на секојдневниот монотон и здодевен живот, кај потенцијалниот турист се јавува потреба за враќање кон природата. Природата со своите живописни пејсажи освежува и рекреира. Преку визуелните перцепции, туристите ги задоволуваат естетските потреби и ги збогатуваат своите сознанија.

Во тесна корелација со излетите се и прошетките. Прошетките можат да бидат ориентирани кон одредени простори кои можат да бидат градски (урбани) и селски (рурални). Во поглед на прошетките важни се два елементи: Темпото на одење и маршутата. Темпото на одење треба да биде прилагодено кон составот на групата рамномерно и со многу малку паузи. Маршутата треба да биде прилагодена кон целисходноста во поглед на спознавање и доживување.

Прошетките треба да даваат можност на туристите да ги задоволуваат своите емоционални потреби како на пример шумењето на лисјата и потоците, црцорењето на птиците, доживувањето на тишината и слично.

---

Jost Kripendorf: “Putujuce covecanstvo”, Zavod za istrazivanje turizma, Zagreb, 1986, str. 133.

Д-р Александар Цицковски: „Промотивни активности во хотелиерството, угостителството и туризмот“, Универзитет во Битола, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Битола, 1987, стр. 182.

Mr. S. Nikolic, J – Sekulic, M. Petrovic: “Rekreativna I kulturna turistika”, Beograd, 1974 god, str. 31.

D-r Mladen Zvonarevic: “Socijalna psihologija”, Skolska knjiga, Zagreb, 1978, str. 234.

H. Ludtke: “Freizeit in der Industriegesellschaft”, Opladen, 1972. str. 36.